ЗПИС
.гов.мк

**Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство**

ЗЕМЈОДЕЛСКО
ПАЗАРЕН
ИНФОРМАТИВЕН
СИСТЕМ

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ 2021

## ПРЕГЛЕД НА ЦЕНИ НА ЗЕМЈОДЕЛСКИ ПРОИЗВОДИ





**www.zpis.gov.mk**

# СОДРЖИНА

**ЗПИС** — **стр. 1-2**

**Откупни цени на јаболка** — **стр. 3**

**Откупни цени на винско грозје** — **стр. 4**

**Минерални ѓубрива и семенски материјал** — **стр. 5**

**Откупни цени на млеко** — **стр. 6**

**Откупна цена на житарки** — **стр. 7-8**

**Пазарни цени на мед и пчелни производи** — **стр. 8**

**Цени на јајца** — **стр. 9**

**Откупна цена на тутун** — **стр. 10**

**Добиточни пазари и кабаста добиточна храна** — **стр. 11-14**

**Овошје - пазари на големо и мало** — **стр. 15– 22**

**Зеленчук - пазари на големо и мало** — **стр. 23-30**

## Земјоделски пазарен информативен систем (ЗПИС)

Покрај тоа што се неопходни за редовно следење на состојбата на пазарите на земјоделски производи, за креирање на издржани интервенции на носителите на земјоделските политики, навремените и релевантни пазарни информации треба да ја зајакнат позицијата на производителите на пазарот за донесување на правилни одлуки за купопродажните активности и планирање на производството.
Националниот Земјоделски пазарен информативен систем (ЗПИС) опфаќа селектирани групи на производи и репрезентативни пазари од кои репортерите редовно прибираат податоци за тргуваните цени и ги доставуваат до одделение за ЗПИС во МЗШВ.

Цената на храната е еден од главните индикатори кои го изразуваат квалитетот и безбедноста на храната. Со самото тоа системот на ЗПИС се труди да ги поврзе параметрите на соодветен квалитет за соодветна цена со што ќе придонесе за зголемување на довербата на потрошувачите кон производителите на храна.
Информации за цените на производите и информациите за пазарот се потребни за следење, анализирање и управување со пазарот на земјоделски производи.

Со развојот на овој систем се овозможува правилна распределба на вредноста на храната и нејзино приближување до стандардите на ЕУ, што ќе придонесе за стабилизирање на земјоделските пазари.
Податоците издадени во овој извештај се веродостојни, со оглед на тоа што се зборува за добиени податоци од основните извори и може да се гарантира автентичноста, интегритетот и точноста во текот на извештајниот период. Информациите што се дадени во овој извештај се од големо значење за сите учесници на земјоделските пазари, бидејќи даваат проверени податоци и информации за здруженија на производители, економските оператори, проценители и научните работници во соодветни временски рокови.

Сето ова води до подобрување на квалитетот на живот на производителите на храна

а во исто време ќе биде предизвик и за младата генерација да се интегрира во современите европски текови на современ рурален развој и фармскиот туризам и подобрување на одржливото користење на природните ресурси во прилог на здравјето на потрошувачите на храна .

До 2025 година се планира регионално поврзување со сродните системи на западен Балкан и пошироко, а до 2027 година системот треба да биде компатибилен со ISAMM системот на ЕУ со што ќе се овозможи непречена размена на пазарни податоци и информации со унијата. За поддршка на овие активности се предвидува модернизирање на информатичката подлога на системот.

Системот треба да се прилагоди кон процесот на поставување на информатички системи за следење на пазарите заради секторски интервенции согласно политиката за уредување на пазарите и да ги усогласи описот на производите по класи на квалитет согласно спроведените пазарни стандарди.

Земјоделскиот пазарен информативниот систем (зпис) на веб страната www.zpis.gov.mk изработи посебна веб апликација под наслов: ponudapobaruvacka.zpis.gov.mk **,,понуда – побарувачка“** на земјоделски производи.

Со цел поефикасно функционирање на апликацијата „Понуда-Побарувачка“ и полесна достапност за земјоделците и стопанствениците, МЗШВ отвори посебна електронска (е-mail) адреса на која што заинтересираните можат да праќаат податоци за својата понуда на земјоделски производи и побарувачка. Официјалната e-mail адреса за испраќање на податоци е: ponudapobaruvacka@mzsv.gov.mk

На оваа адреса потребно е да се пратат следниве податоци :

-Име и презиме на понудувачот/ барателот

-Место на живеење и телефонски број

-Име на производот, количество по единица мерка (бала, парче, килограм или тон).


**Министерство за земјоделство шумарство и водостопанство**

**Сектор за анализа на земјоделска политика**

**Одделение за ЗПИС**

Улица: „Ленинова“, бр. 2

1000 Скопје

**Телефон:**

централа 02 / 3134 477, локал 414

*www.zpis.gov.mk*

*http://ponudapobaruvacka.zpis.gov.mk/*

**Изработил:**

**Горан Димовски**

**Советник за ЗПИС**

e-mail: *goran.dimovski@mzsv.gov.mk*

**Соработници:**

**Васе Симовска - Бошкова**

**Раководител на Сектор за анализа на земјоделска политика**

e-mail: *vase.boskova@mzsv.gov.mk*

**Моме Младеновски**

**Советник за ЗПИС**

e-mail: *mome.mladenovski@mzsv.gov.mk*

**Откупни цени на јаболка за реколта 2021 година**

Во табелата 1 се дадени просечните откупни цени на сорти јаболки по месеци и откупни просечни цени за реколта 2021,година заклучно со јануари 2022 година. Податоците за откупните цени на јаболка се доставуваат од Ресенско –Преспанскиот регион.

* Цените се изразени во денари за килограм.

* Просечните откупни цени на сорти јаболки -табела 1

| Сорти на јаболка | Откупни цени ноември 2021 | Откупни цени декември 2021 | Откупни цени јануари 2022 | Просечни откупни цени –реколта-2021 |
|---|---|---|---|---|
| Ајдаред | **8,00** | **7,50** | **7,00** | **7,50** |
| Муцо | **12,00** | **8,50** | **8,00** | **9,50** |
| Црвен Делишес | **9,00** | **/** | **/** | **9,00** |
| Златен Делишес | **10,00** | **8,00** | **8,00** | **8,67** |
| Јонаголд | **10,00** | **7,00** | **6,50** | **7,83** |
| Грени Смит | **10,00** | **7,50** | **7,00** | **8,17** |
| Индустриско јаболко | **2,00** | **2,00** | **2,00** | **2,00** |

Во **табелата 2 -** прикажан е споредбен приказ на движењето на просечните откупни цени на јаболки по сорти во 2019,2020 и 2021 година, како и стапката на пораст и опаѓање на цените

Јаболките од годинешната реколта беа со задоволителен квалитет и солидни приноси меѓутоа намалување на цените на поголемите извозни пазари предизвикани од корона - кризата имаа големо влијание на пад на откупната цена кај истите.

Пад на цените се бележи кај сите сорти, од скоро 37% кај Ајдаретот до 46% кај Црвениот Делишес. Кај индустриското јаболко има намалување на цената за 33%.

| Сорти на јаболка | Просечна откупна цена 2019 год. | Просечна откупна цена 2020 год | Просечни откупни цени – реколта-2021 | Стапка на пораст / опаѓање 2021/ 2020( % ) |
|---|---|---|---|---|
| Ајдаред | **11,67** | **11,83** | **7,50** | **-36,6** |
| Муцо | **16,83** | **16,67** | **9,50** | **-43,0** |
| Црвен Делишес | **16,33** | **16,67** | **9,00** | **-46,0** |
| Златен Делишес | **15,33** | **14,67** | **8,67** | **-40,9** |
| Јонаголд | **14,00** | **13,67** | **7,83** | **-42,7** |
| Грени Смит | **15,00** | **15,00** | **8,17** | **-45,5** |
| Индустриско јаболко | **3,00** | **3,00** | **2,00** | **-33,3** |

## Откупни цени на винско грозје за реколта 2021 година

Сувото и топло време го намалија приносот на грозје за оваа реколта но и доведоа до подобар квалитет и високи шеќерни единици, што предизвикаа на пазарот да се бара килограм повеќе од сите сорти на винско грозје. Целата ситуација влијаеше на пораст на откупните цени и задоволство кај производителите. Пораст на цената од 7% до 41%се бележи кај скоро сите сорти на винско грозје освен кај Шардоне, Темјаника и Ризлинг.

**Во **табелата 3** прикажан е споредбен приказ на движењето на просечните откупни цени на винските сорти грозје во 2019 2020 и 2021 година, како и стапката на пораст и опаѓање на цените * Извор за 2021 година -Државен инспекторат за земјоделство-ДИЗ *Цените се изразени во денари за килограм изразени на две децимали*

| Вински сорти на грозје | Просечна откупна цена (2019 год) | Просечна откупна цена ( 2020 год) | Просечна откупна цена ( 2021 год) | Стапка на пораст / опаѓање 2021/2020 ( % ) |
|---|---|---|---|---|
| Бургундец—црн | 11,64 | 12,04 | 13,36 | **+11,0** |
| Каберне Совињон | 17,59 | 14,59 | 17,11 | **+7,3** |
| Италијански Ризлинг | 17,56 | 11,69 | 13,88 | **+18,7** |
| Рајнски Ризлинг | 18,94 | 14,00 | 11,99 | **-14,4** |
| Смедеревка | 10,38 | 7,98 | 10,02 | **+25,6** |
| Совињон Бел | 16,64 | 14,86 | 16,95 | **+14,1** |
| Кратошија | 12,61 | 10,93 | 13,84 | **+26,6** |
| Шардоне | 16,19 | 16,95 | 15,61 | **-7,9** |
| Мерло | 17,92 | 14,86 | 15,94 | **+7,3** |
| Р’кацители | 15,00 | 10,88 | 12,58 | **+15,6** |
| Теран | 11,85 | 10,50 | 11,83 | **+12,7** |
| Темјаника | 25,00 | 20,97 | 20,06 | **-4,3** |
| Кадарка | 12,30 | 8,00 | 11,00 | **+37,5** |
| Станушина | 10,56 | 7,22 | 10,17 | **+40,9** |
| Белан | 13,68 | 11,55 | 13,51 | **+17,0** |
| Вранец | 12,57 | 10,55 | 12,07 | **+14,4** |
| Мускат– Хамбург | 15,00 | 11,47 | 13,95 | **+21,6** |
| Траминец бел | / | / | 16,66 | **/** |
| Жилавка | 11,16 | 10,77 | 11,49 | **+6,7** |
| Мускат– Отонел | 18,41 | 16,00 | 21,43 | **+33,9** |

## Цени на минерални ѓубрива и семенски материјал

Започнатиот тренд на раст на цените на минералните ѓубрива при крајот на 2021 година, доведе до повисоки просечни цени кај скоро сите ѓубрива.Уште поголем раст се очекува 2022 година. Зголемувањето се движи од 4,8% за SAL12 до скоро 19% кај минералното ѓубриво – амониум нитрат. Калиум –амониум-нитрат (КАН 26%) бележи намалување од -24%, азот - фосфор-калиум (NPK три петнаесттки) има пораст на цената од 6,7%. Кај семенскиот материјал пад на цената се бележи кај семенскиот грашок од -43%, семето на луцерката од скоро -19% и семенскиот компир од -5,6%. Единствено пораст на цената има кај семенската пченица која за разлика од лани е поскапа за 4,8%. Раст на семенскиот материјал се очекува и во наредниот период.

**Просечните најзастапени цени на* ***минерални ѓубрива и семенски материјал*** *во 2019/ 2020 и 2021 година се дадени во* ***табелата 4 .***

**Цените се изразени во денари за килограм / литар изразени на две децимали*

**Цените се прибираат од земјоделските аптеки*

| Минерални ѓубрива | Просечна цена 2019 год | Просечна цена 2020 год | Просечна цена 2021 год | Разлика ( % )- 2021/2020 |
|---|---|---|---|---|
| Амониум нитрат | 23,00 | 16,00 | 19,00 | **+ 18,8** |
| КАН 26 % | 18,00 | 25,00 | 19,00 | **- 24,0** |
| НПК 15:15:15 | 24,00 | 22,50 | 24,00 | **+6,7** |
| Уреа 46 % | 20,00 | 22,30 | 26,40 | **+18,4** |
| САЛ 12 | 150,00 | 157,50 | 165,00 | **+4,8** |
| Славол | 240,00 | 255,00 | 260,00 | **+2,0** |
| Магнисал | 150,00 | 157,50 | 165,00 | **+4,8** |
| Семиња | Просечна цена 2019 год | Просечна цена 2020 год | Просечна цена 2021 год | Разлика ( % )- 2021/2020 |
| Семе Луцерка | 301,67 | 295,00 | 240,00 | **-18,6** |
| Семенска Пченица | 22,00 | 21,00 | 22,00 | **+4,8** |
| Семенски Грашок | / | 265,00 | 150,00 | **-43,4** |
| Семенски Компир | 100,00 | 90,00 | 95,00 | **+5,6** |
| Семенска Пченка (25 000 зрна) | 1500,00 | 1720,00 | 1690,00 | **-1,7** |

## Откупни цени на млеко

*Во **табелата 5** е прикажан споредбен приказ на движењето на просечните откупни цени на млеко во 2019 / 2020 и 2021 година, како и стапката на пораст и опаѓање на  цените*

| Вид на млеко - откупни центри | Просечна цена ( 2019 год ) | Просечна цена ( 2020 год ) | Просечна цена ( 2021 год ) | Стапка на пораст /опаѓање 2021/ 2020( % ) |
|---|---|---|---|---|
| Кравјо- I класа | 17,75 | 19,43 | 19,55 | **+0,6** |
| Овчо млеко | 39,00 | 40 | 40 | **/** |
| Козjо млеко | 19,71 | / | / | **/** |

**Во графиконот се дадени споредбено просечните откупни цени на кравјо млеко за 2020/21 година по месеци и кравјо  и овчо млеко споредено 2015 / 2021 година*




| | Јан. | Фев. | Мар. | Апр. | Мај . | Јун. | Јул. | Авг. | Сеп. | Окт. | Ное. | Дек. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Кравјо млеко 2020 | 16,70 | 16,34 | 16,44 | 16,67 | 16,44 | 16,00 | 16,36 | 18,00 | 20,00 | 20,00 | 20,00 | 20,00 |
| Кравјо млеко 2021 | | | 18,02 | 19,29 | 20,00 | | | | | 20,00 | 20,00 | 20,00 |




| | 2015 | 2016 | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 | 2021 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Кравјо млеко 1 класа | 19,12 | 18,74 | 18,36 | 17,75 | 17,75 | 19,43 | 19,55 |
| Козјо Млеко | 18,96 | 19,90 | 18,00 | 18,00 | 19,71 | 0,00 | 0,00 |
| Овчо Млеко | 34,29 | 34,69 | 36,42 | 35,24 | 39,00 | 40,00 | 40,00 |

## Откупна цена на житарки

Просечната откупна цена на **пченицата на годишно ниво за 2021 година** изнесуваше 11,51 ден/кг што е пораст на цената за +7,8 % споредбено со 2020 година кога просечната откупна цена изнесуваше 10,68 ден./кг. Се очекува цената на лебното жито да расте и во наредниот период.

Просечната откупна цена на пченицата од **реколтата 2021** година заклучно со месец декември изнесува 12,29 ден/кг споредено со 2020 кога за истиот период откупната цена изнесуваше 10,52 ден.

Кај **пченката** просечната откупна цена за 2021 година изнесуваше 12,25 ден/кг и бележи зголемување од +21,7 % споредбено со 2020 година кога изнесуваше 9,67 ден/кг

Откупна цена на **јачменот** во 2021 година достигна 9,67 ден/кг во просек.

** Во графиконите се дадени **просечните откупни цени на пченица за 2020/2021 год**. по месеци и годишни **просечни откупни цени за пченица и пченка 2013-2021 година**.*




| | Јан. | Фев. | Мар. | Апр. | Мај . | Јун. | Јул. | Авг. | Сеп. | Окт. | Ное. | Дек. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Пченица - 2020 | | 11,65 | | | | | 10,31 | 10,34 | 10,22 | 10,58 | 11,14 | 10,50 |
| Пченица - 2021 | 12,70 | 10,81 | 10,71 | 10,13 | 11,80 | 9,00 | 11,00 | 9,98 | 9,98 | 15,00 | | 15,50 |




| | 2013 | 2014 | 2015 | 2016 | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 | 2021 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Пченица | 13,38 | 11,53 | 10,55 | 9,09 | 8,84 | 9,39 | 10,57 | 10,68 | 11,51 |
| Пченка | 15,19 | 8,00 | 8,53 | 9,69 | 9,34 | 9,46 | 9,20 | 9,67 | 12,25 |

Цена на оризова арпа

Според Земјоделскиот пазарен информативен систем-ЗПИС откупната цена на оризовата арпа во период 2015-2021 година се движи од 14,00 ден/кг во 2018 година до 24,00 ден/кг во 2015 година, во зависност од сортиментот, климатските услови и количините вода. Во 2021 година просечната откупна цена на оризовата арпа е околу 19,00 ден/кг, што претставува намалување за околу 9% во однос на 2020 година.

*Во **табелата 6** е прикажано на движењето на просечните откупни цени на оризова арпа за 2017-2021 како и стапката на пораст и опаѓање на цените 2021/2020 година*

**Цените се изразени во денари за килограм*

| Просечна откупна цена | 2017 год | 2018 год | 2019 год | 2020 год | 2021 год | Разлика( % ) 2021 / 2020 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Оризова арпа | 18,00 | 14,00 | / | 20,94 | 19,10 | **- 9,0** |

**Цени на мед и пчелни производи**

Пчеларите оваа 2021 година ја оценија како неповолна за пчеларството, заради слабиот принос на мед што се должи на неповолните временски услови. Минимално зголемување на цената на медот имаше и оваа година, па така просечната најзастапена цена на **медот** на пазарите на мало за 2021 година изнесуваше **456,32** денари за килограм, што претставува за +0,7%- зголемување во однос на 2020 година (**453,20** ден/кг)

Генерално медопроизводителите можат да бидат задоволни единствено од цената на медот .

Што се однесува пак до цената на килограм **органски мед,** таа се движеше од 500,00 до 550,00 ден/кг.

**Поленот** се продаваше од 1100,00 до 1300,00 ден /кг или во просек по 1200,00 ден/кг .

** Во графиконот се дадени споредбени цени по месеци за 2020/2021 година за мед на пазарите на мало*




| | Јан. | Фев. | Мар. | Апр. | Мај . | Јун. | Јул. | Авг. | Сеп. | Окт. | Ное. | Дек. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Мед 2020 | 433,33 | 450,00 | 450,00 | | 460,00 | 442,00 | 471,43 | 468,75 | 435,71 | 445,45 | 471,43 | 457,14 |
| Мед 2021 | 466,67 | 458,33 | 459,09 | 446,43 | 442,31 | 450,00 | 427,27 | 460,00 | 469,23 | 461,11 | 472,22 | 463,16 |

## Цени на јајца

Во изминативе две години цената на јајцата беше со тенденција на пораст што се должеше на порастот на цената на концентрираната храна. Во 2021 забележителен е порастот на цената на јајцата со тенденција за понатамошен раст и во наредниот период. Видливо зголемување  на цената од 9,5% имаме кај најбараните конзумни јајца од класа **А** големината-**L**,  додека кај  **М** -големина имаме благ пораст на цената од 2,6% и тие на пазарот се нудеа по цена од 5,12 денари за парче.

**Во табелата 7* прикажано е споредбено движење на просечните  цени на јајца за  2019 / 2020  и 2021 година, како и стапката на пораст и опаѓање на цените*

**XL-многу големи 73 грама и повеќе, L– големи од 63 до 73 грама, М– средни (медиум) од 53 до 63 грама и S– мали под 53 грама.*

| Јајца | Просечна цена ( 2019 год ) | Просечна цена ( 2020 год. ) | Просечна цена ( 2021 год ) | Стапка на пораст / опаѓање 2021/2020 ( % ) |
|---|---|---|---|---|
| Јајца—X L | 5,99 | 5,70 | / | / |
| Јајца—L | 5,59 | 5,65 | 6,15 | **+9,5** |
| Јајца – M | 4,59 | 4,61 | 5,12 | **+2,6** |
| Јајца –S | 3,28 | / | 2,90 | / |

**На **графиконот** прикажани се просечните најзастапени цени на јајца од класата А со големина XL, L, M и S 2014- 2021 година*



## Откупна цена на тутун 2020 година

Просечната **откупна цена на суров тутун за реколта 2020 година изнесуваше 158,78 денари за килограм** а беа **откупени 26 953 тони на тутун.**

Од типот на тутун- Прилеп беа откупени 26.673 тони додека од типот -Јака беа откупени скоро 280 тони.

Пондер цената за класа I за двата типа на тутун достигна 280,04 ден/кг.

Цената за класа II беше 202,33 ден./кг а беа откупени 8.648 тони, цената за класа III беше 151,95 ден./кг и од оваа класа беше откупено најголемо количество на тутун од 12.889 тони, додека цената на класата IV достигна 76,07 ден/кг.

Дополнителниот тутун од класата I се откупуваше за 85,06 денари додека од класата II за 63,22 денари за килограм.

Мувливиот тутун се откупи по цена од 14,00 ден/кг.

Податоците за откупната цена по типови и класи за килограм сув тутун во лист се доставуваат за периодот од 1ви декември во производната ,до 30ти март наредната година. Бидејќи извештајот на ЗПИС се изработува на почетокот на годината, додека се уште трае откупот на тутун, цените за реколтата 2021 година ќе бидат објавени на интеренет страната на www.zpis.gov.mk по завршувањето на откупот.

**Во графикот претставени се просечните откупни цени за тутун во денари за килограм, како и реализираниот откуп во тони за периодот 2014—2020 година.*




| | 2014 | 2015 | 2016 | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Реализиран откуп на тутун (тони) | 24.858 | 18.910 | 25.152 | 23.081 | 25.193 | 26.296 | 26.953 |
| Просечна откупна цена (ден/кг) | 117,2 | 184,5 | 196,82 | 217,6 | 214,21 | 219,89 | 158,78 |

## Цени од добиточни пазари и цени на кабаста добиточна храна

За разлика од ниските цени на добитокот кои ја одбележаа 2020 година, оваа 2021 година се карактеризира со зголемени цени кај сите категории на добитокот. Повисоките цени се должат на поскапата добиточна храна како и намалениот број на добиток.

Пазарот на свињи и оваа година слично како лани, ја одбележа забраната за продавање на категории свињи во одредени месеци од годината поради превенција од африканска свинска чума. Трендот на раст на цените на свинско месо на европските пазари се одрази и кај нас, па имаше пораст на цените кај сите видови на свињи.

Поголемата побарувачка на месо исто така доведе до раст на цената и кај категориите на говеда, овци и кози. Незначителен пад на цената има само кај телињата од 1 до 6 месеци од скоро -2% и кај лесното јагне од –1,1%

Податоците од добиточните пазари за продажната цена за килограм жива мера на сите видови и категории добиток се прибираат и внесуваат во системот еднаш неделно и тоа на пазарниот ден за определениот регион.

Се прибираат податоци за минимална, максимална и најзастапена цена (најзастапена (просечна) цена е онаа цена, која најчесто се повторува кај одреден производ на одреден пазар, без оглед на квалитетот на производот).

**Кабаста добиточна храна**

**Сено од луцерка** се продаваше во просек по **9,74** денари за килограм,
**ливадско сено** се продаваше за **6,29** денари за килограм , додека цената на килограм **слама** достигна **3,94** денари и е повисока за 1,00 денар споредбено со лани.

**Во *табелата 8*** *прикажано е споредбено движење на просечните цени на кабаста добиточна храна за период 2018/2021 година, како и стапката на пораст и опаѓање на цените*

| Кабаста храна | 2018 год | 2019 год | 2020 год | 2021 год | Разлика( % ) 2021 / 2020 |
|---|---|---|---|---|---|
| Сено –луцерка | 10,91 | 9,00 | 6,00 | 9,74 | **+ 62,3** |
| Сено –ливадско | 7,42 | 6,00 | 6,00 | 6,29 | **+ 4,8** |
| Слама | 4,50 | 4,00 | 3,00 | 3,94 | **+ 31,3** |

**Во **табелата 9** е прикажан споредбен приказ на движењето на просечните цени по килограм жива мера во 2019/2020 и 2021 година, како и стапката на пораст и опаѓање на цените за одредени видови и категории на добиток изразени во проценти*

**Цените се изразуваат во денари за килограм жива мера изразени на две децимали.*

* Просечни најзастапени цени на добиток од добиточните пазари- табела 9

| Вид на добиток | Просечна цена ( 2019 год ) | Просечна цена ( 2020 год ) | Просечна цена ( 2021 год ) | Стапка на пораст / опаѓање во ( % ) 2021 / 2020 |
|---|---|---|---|---|
| Молзни крави | 111,70 | 107,50 | 184,21 | **+71,4** |
| Јуниња | 143,67 | 128,50 | 139,67 | **+8,7** |
| Бикови до 18 месеци | 132,89 | 117,50 | 130,50 | **+11,1** |
| Бикови над 18 месеци | 119,45 | 103,75 | 130,88 | **+26,1** |
| Крави –Буша | 84,17 | 70,00 | 103,14 | **+47,3** |
| Теле 1—6 месеци | 172,50 | 170,00 | 167,31 | **-1,6** |
| Излачени Говеда | 70,94 | 60,00 | 82,81 | **+38,0** |
| Теле 2 - 6 месеци—Симентал | 185,00 | 190,00 | 186,25 | **-2,0** |
| Молзни кози | 109,00 | 130,00 | 140,13 | **+7,8** |
| Јариња до 20 кг, | 137,33 | 121,67 | 125,63 | **+3,3** |
| Кокошки-јарки | 361,25 | 350,00 | 432,29 | **+23,5** |
| Пилиња-еднодневни | 45,00 | 50,00 | 54,17 | **+8,3** |
| Молзни овци | 138,00 | 150,00 | 159,71 | **+6,5** |
| Овни | 174,17 | 186,67 | 211,25 | **+13,2** |
| Јагниња до 18 кг. | 161,70 | 155,00 | 153,23 | **-1,1** |
| Јагниња над 18 кг. | 140,71 | 123,33 | 135,71 | **+10,0** |
| Шилежиња | 170,00 | 130,00 | 142,00 | **+9,2** |
| Гоеници од 90-110 кг. | 112,76 | 110,00 | 133,13 | **+21,0** |
| Гоеници над 110 кг. | 99,58 | 96,67 | 112,50 | **+16,4** |
| Прасиња до 20 кг. | 167,30 | 158,33 | 173,33 | **+9,5** |
| Прасиња од 20 - 35 кг | 151,25 | 141,67 | 166,25 | **+17,4** |
| Излачени кози | 50,83 | 47,50 | 82,50 | **+73,7** |
| Излачени овци | 60,28 | 60 | 85,21 | **+42,0** |

* Во графиконите се дадени цените за 2014 - 2021 год. за одредени видови добиток - по години

## Најзастапени просечни цени на категории говеда на добиточните пазарите во периодот 2014- 2021 година




| | 2014 | 2015 | 2016 | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 | 2021 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Бик до 18 м | 128,30 | 127,79 | 126,40 | 111,88 | 119,29 | 132,89 | 117,50 | 130,50 |
| Јуне | 134,60 | 134,08 | 129,80 | 116,00 | 122,88 | 143,67 | 128,50 | 139,67 |
| Излачени говеда | 77,11 | 72,16 | 72,27 | 63,94 | 64,22 | 70,94 | 60,00 | 82,81 |

## Најзастапени просечни цени на категории говеда на добиточните пазарите во периодот 2014- 2021 година




| | 2014 | 2015 | 2016 | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 | 2021 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Теле 1-6 м | 163,90 | 172,45 | 167,42 | 159,50 | 172,28 | 172,50 | 170,00 | 167,31 |
| Молзна Крава | 149,60 | 150,22 | 158,54 | 168,32 | 182,96 | 111,70 | 107,50 | 184,21 |
| Крава Буша | 85,60 | 90,33 | 92,90 | 91,88 | 96,00 | 84,17 | 70,00 | 103,14 |

## Најзастапени просечни цени на јарињa ,молзни кози и излачени кози на добиточните пазарите за период 2014- 2021 година




| | 2014 | 2015 | 2016 | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 | 2021 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Јарињa | 129,40 | 132,50 | 127,50 | 120,83 | 125,83 | 137,33 | 121,67 | 125,63 |
| Молзни Кози | 160,40 | 172,50 | 155,00 | 138,33 | 116,88 | 109,00 | 130,00 | 140,13 |
| Излачени Кози | 81,15 | 76,67 | 86,70 | 57,33 | 45,00 | 50,83 | 47,50 | 82,50 |

## Најзастапени просечни цени на јагниња до и над 18 кг. молзни овци и овни на добиточните пазарите за период 2013- 2020 година




| | 2014 | 2015 | 2016 | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 | 2021 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Јагниња до 18кг. | 162,20 | 164,03 | 161,50 | 141,25 | 145,45 | 161,70 | 155,00 | 153,23 |
| Јагниња над 18кг. | 142,10 | 145,63 | 152,50 | 132,41 | 136,17 | 140,71 | 123,33 | 135,71 |
| Молзни Овци | 163,80 | 154,67 | 167,10 | 147,45 | 162,00 | 138,00 | 150,00 | 159,71 |
| Овни | 187,10 | 204,35 | 261,25 | 126,25 | 182,71 | 174,17 | 186,67 | 211,25 |

## Најзастапени просечни цени на прасиња на добиточните пазарите за период 2014- 2021 година




| | 2014 | 2015 | 2016 | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 | 2021 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Прасина до 20 кг. | 160,60 | 141,50 | 131,25 | 151,36 | 156,06 | 167,30 | 158,33 | 173,33 |
| Прасиња од 20 до 35 кг. | 138,40 | 117,76 | 100,00 | 136,67 | 140,90 | 151,25 | 141,67 | 166,25 |

## Најзастапени просечни цени на гоеници на добиточните пазарите за период 2014- 2021 година




| | 2014 | 2015 | 2016 | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 | 2021 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Гоеница од 90- 110 кг. | 107,80 | 98,64 | 85,80 | 102,81 | 104,50 | 112,76 | 110,00 | 133,13 |
| Гоеница над 110 кг. | 92,60 | 80,28 | 73,30 | 78,34 | 67,83 | 99,58 | 96,67 | 112,50 |

## Овошје - пазари на големо и мало

Изминатата 2021 година за производителите на овошје, може да се вброи во релативно добра производна година, ако се исклучат некои региони кои на почетокот на годината беа на удар на пролетните мразеви, кои направија поголема штета кај сливите и кајсиите што влијаеше на покачување на цената кај истите.

Годината што измина ќе биде запаметена и по високите цени на пазарите на праските и нектарините. Ова се должи на извозот на овие земјоделски производи на странските пазари. По повеќегодишна стагнација, пораст на цените има и кај грозјето и лубениците. Значително намалување на цените се бележи кај лешникот и бадемите.

Ситуацијата на **пазарите на големо** ја одбележа високата цена и намалената понуда на сливите кои се продаваа за скоро 32% поскапо од минатата 2020 како и драстично зголемените цени кај (праски, кајсии, нектарини,) а особено кај јапонското јаболко.,Ова се должи на зголемената побарувачка на пазарот. Задоволни со цената беа и производителите на лубеници каде имаше пораст на цената за 25%.

Кон крајот на годината пад на цената имаме и кај некои сорти на јаболки, причина- намалениот извоз. Намалување на цената има и кај крушата, и коскестото овошје. Исто така треба да се напомене ниската цена на црешата, која за разлика од минатата година има пад за 24%.

